ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0307-2391/1
17.03 2025 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-386/1
17.03.2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 4 став (1) и став (5) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) на ден 17.03.2025 година, склучен е:

# ДОГОВОР

за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани

помеѓу договорните страни:

1. **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА,** со седиште на ул. „Павел Шатев“ број 2, Палата „Емануел Чучков“, Скопје, **претставувано од главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски** (во натамошниот текст: Давател на донацијата) од една страна,

   и

2. **ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** со седиште на ул. „Кочо Рацин, бр.13, Скопје **претставувано од Генерален секретар д-р Саит Саити**, (во натамошниот текст: Примател на донацијата)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој Договор е примање на донација во вид на парични средства во износ од 100.000,00 денари, кои ќе се користат од Примателот на донацијата како хуманитарна помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

## II. ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Целта на оваа донација е поддршка на дејностите од јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности од страна на Примателот на донацијата со цел давање материјална и финансиска помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

**Член 3**

(1) Давателот на донацијата се обврзува:

- Предметот од член 1 од овој Договор да му го додели на Примателот на донацијата, односно паричните средства да ги уплати на трансакциска сметка, и тоа:

  Примател: Фондот на солидарноста на Црвениот крст на Република Северна Македонија

  Сметката на примателот: 300000001327966,

  даночен број: 4030984271620

  Носител на платен промет: АД Комерцијална банка

  со назнака: помош за за настраданите граѓани во пожарот во Кочани

- Да достави Извештај за дадена донација (образец „УЈП-ИДС/ДВ)“

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

Член 4

Примателот на донацијата:

- се обврзува сите примени средства врз основа на овој Договор да се искористени за хуманитарна помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани;
- Да го извести Давателот на донацијата најбрзо што може доколку настанат значителни отстапувања во суштината или во текот на активностите на донацијата;

Член 5

Примателот на донацијата се обврзува да изготви Извештај за донацијата. Извештајот ќе ги содржи следните податоци:

- име и назив на давателот и на примателот на донацијата;
- име и назив на крајниот корисник;
- опис на предметот на донацијата;
- крајна употреба на предметот на донацијата;
- други податоци.

## V. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 6

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **ДАВАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА** | **ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА** |
| **Државен завод за ревизија** | **Црвен крст на РСМ** |
| **Главен државен ревизор** | **Генерален секретар** |
| **М-р Максим Ацевски** | **Д-р Саит Саити** |

Изработил: м-р Весна Богдановиќ
Контролирал: м-р Александар Поповски